**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**ДЕЗЕДЕСЕТ И ВТОРА (92) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 4.VI.1998 Г.**

**Дискутанти:**

1. **БОГДАНОВСКИ СЛОБОДАН** 73;
2. **ДИМОВ ЛАЗАР** 33;
3. **МЕШКОВ ЉУПЧО** 12, 37, 42;
4. **МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ** 75;
5. **НАУМОВСКИ ВАНЕ** 63, 68;
6. **ПЕТКОВСКИ ТИТО** (ја води седницата) 1;
7. **ПОПОВСКИ НИКОЛА** 69, 71;
8. **СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА** (Зам.Мин. за финансии) 7, 11, 32, 45, 50, 55, 59, 61, 62, 63;
9. **СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР** 29,32,58, 61, 63, 67, 68;
10. **СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА** 42, 47, 50, 56, 65;
11. **СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ** 77, 79;

**Дневен ред:**

**Т. 1.** (Утврдување на Пред. на Аманд. 3 од Уставот на РМ) - стр.4 (прек. гласањ., немање двотретиснко мнозинство)

**Т.2.** (исто како и Т.1)

**Т.3.** (Пред. донес. Закон за парнична постапка ) – стр.6 (исто како и Т.1)

**Т.4.** (Пред. Зак. за јавни набавки) стр.7

**Т.5.** (Пред. Зак. за гаранција на РМ по догов. за заем на проект ХЕЦ - Козјак....) – стр.57

Седницата продолжува!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и втората седница на Собранието на**
**Република Македонија, одржана на 4 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов, Благоја Стефановски, Александа Гештаковски, Туше Гошев, Иван Бојков, Љубомир Чадиковски, Зоре Темелковски, Маријан Начевски, Илинка Митрева, Илија Каров и Славе Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на Собранието присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Републиката; претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Владата на РМ предлага на оваа седница Собранието да го разгледа во скратени рокови Предлогот за донесување на Закон за парнична постапка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е поделен.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (3).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Алил Џафероски, Вељо Тантаров предлагаат на денешната седница Собранието да го разгледа Предлогот на одлуката за огласување и именување на јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за, молам да крене рака? (62).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој  се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на амандманот III на Уставот на Република Македонија;

2. Усвојување и прогласување на амандманот III на Уставот на Република Македонија;

3. Предлог за донесување на Закон за парнична постапка, со Предлог на закон;

4. Предлог на Закон за јавни набавки;

5. Предлог за донесување на Закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем по проектот ХЕЦ Козјак со Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот федерален совет за меѓусебно укинување на визи за носители на дипломатски, службени или посебни пасоши, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на Закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран за превоз на патници и стоки во меѓусебниот патен сообраќај, со Предлог на закон;

10. Нацрт на Закон за данокот на додадена вредност;

11. Предлог за донесување на Закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на РМ;

12. Предлог за донесување на Закон за здравствено осигурување;

13. Предлог за донесување на Закон против ограничувањата на конкуренцијата;

14. Предлог за донесување на Закон против нелојалната конкуренција;

15. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за одбрана;

16. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;

17. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Свети Николе;

18. Предлог на одлука за огласување избор на судија во Апелациониот суд во Скопје;

19. Предлог на одлука за огласување и именување на јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Куманово.

Дали има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Бидејќи за првата точка, тоа е утврдување на Предлогот на амандманот III од Уставот на Република Македонија ни е потребно двотретинско мнозинство, мислам за усвојување, што значи расправа можеме да водиме, меѓутоа при усвојувањето на амандманот мораме да имаме двотретинско мнозинство.

Јас сепак предлагам ние да ја апсолвираме расправата, а во меѓувреме ќе дојде потребниот број на пратеници за одлучување.

Минуваме на 1-та точка - Утврдување на Предлогот на амандманот III од Уставот на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 март 1998 година, донесе одлука за пристапување кон измена на Уставот на РМ.

На истата седница Собранието го утврди Нацртот на амандманот III на Уставот на РМ и го стави на јавна дискусија.

Нацртот на амандманот на Уставот на РМ е објавен во "Нова Македонија", "Фљака е влазеримит" и "Бирлик".

Собранието ја задолжи Комисијата за Уставни прашања да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна до 12 април 1998 година, да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и текстот на Предлогот на амандманот на Уставот на РМ.

Комисијата за Уставни прашања подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и текстот на Предлогот на амандманот кои ви се доставени.

Исто така, поделен ви е и Извештајот на Законодавно - правната комисија и мислењето на Владата на РМ.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот.

Амандманот е утврден ако за него гласале мнозинството од вкупниот број пратеници.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на Амандманот III го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (бб).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање. (2).

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот III на Уставот на РМ.

Давам пауза, за да може да се подготви и подели Предлогот на амандманот III на Уставот на РМ.

Седницата ќе продолжи на знак на звоното.

Во меѓувреме ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците во салата.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 14,15 часот).

Очигледно дека немаме услови да гласаме по амадནманот.

Предлагам да поминеме на 3-та точка, Предлогот на Законот за парничната постапка, па гласањето по овие две точки да го извршиме во исто време, заради тоа што и за едната и другита точка е потребно двотретинско мнозинство.

Достоинствено кога се работи за Уставот сите пратеници да бидат тука.

Минуваме на 3-та точка - Предлог за донесување на Закон за парничната постапка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Ви е поделен.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкушниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за парничната постапка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за,молам да крене рака? (71).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претерс по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Како и за втората точка и за трета та точка гласањето ќе го извршиме во моментот кога ќе обезбедиме услови за гласање, кога ќе бидат присутни барем над 81 пратеник.

Минуваме на 4-та точка - Предлог на Закон за јавни набавки.

Прелдогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, јавните набавки за вкупните текови на државата се клучна алка за изградба на пазарното стопанство. Со вршењето на набавките државата станува директен учесник на пазарот и нејзиното однесување на овој план во голема мерка има влијание на вкупните економски текови.

Преку јавните набавки, всушност, државата треба да ги почитува основните принципи на пазарното стопанисување, односно обезбедување на функционирање на слободната конкуренција. Всушнот овие принципи и главнио постулати на уредувањето на оваа материја со закон, во суштина се изразуваат, особено преку јвноста на набавките, слободата на пазарот и претприемаштвото, сигурноста и одговорноста во постапката при изборот на носителот на набавката, еднаква положба на сите субјекти на пазарот, вклучување на монополската положба на определени носители на набавките, понатаму квалитетот и транспарантноста во процесот на набавките, економичност рационалност, функционалност и ефиканост во користењето на средствата како и контрола во јавните набавки.

Предлогот на Закон за јавни набавки во прв ред создава нормативни претпоставки и основи за нов пристап во уредувањето на прашањата на јавните набавки, во смисла на

прилагодување на новите изменети општествено - економски услови во согласност со Уставот на Република Македонија.

Со основните одредби, Предлогот на Закон за јавни набавки го уредува начинот и постапката за вршење на јавни набавки на набавувачите кои се корисници од Буџетот на РМ и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од буџетите на републичките и општинските вонбуџетски фондови, како и кај агенциите и јавните установи и други органи и организации основани од Републиката, како и дека овој закон се однесува на јавните претпријатија и друштвата во сопственост на државата.

Исто така, јавните набавки набавувачите ги вршат само доколку истите имаат претходно обезбедени средства, што е и новина во овој текст на Законот, односно ќе забележите во членот 4.

Со Предлогот на законот се предлага јавните набавки да се вршат од домашни и странски правни и физички лица кои ќе учествуваат во постапката за набавка со поднесување на понуди. На овој начин во областа на јавните набавки се промовира принципот на слобода и претприемаштвото. Со уредени прашања, во врска со планирањето и утврдувањето на потребата од набавки, органите за спроведување на постапката за набавки, начинот на спроведувањето на набавките преку, ограничен повик, набавки со прибирање на понуди и набавки со непосредно спогодување.

Новината во овој текст на законот е и членот 10, во тоа што во органите за спроведување на постапката за набавките е вградено решение, што во комисиите за јавни набавки кај набавувачите е вклучен и овластен претставник на министерот за финансии кој што нема право да учествува во одлучувањето, а е должен да ја следи постапката за набавка и за истата редовно да го информира Министерството за финансии, се со цел спроведување на член 4, односно набавките да се вршат само во рамките на обезбедените средства, дали е тоа во Републичкиот буџет, во локалните буџети или во содветни фондови.

Вградени се одредби за начинот за вршење на јавните набавки кај јавните претпријатија и друштвата во државна сопственост, при што е карактеристичен по либерален режим во поглед на нивните активности за набавки во однос на буџетските корисници, како и можноста да си одберат за други набавки било која од предвидените постапки. Притоа, посебно се обработени специфичните набавки, за кои е потребно да се ангажираат значителни средства.

Жалбата за јавните набавки доколку ја има соодветен понудувач, ја доставува до Комисијата за жалби по јавни набавки. Новината во овој текст на закон, е тоа што Комисијата е самостојна и независна во својата работа и истата е составена од претседател и члетири членови и нивни заменици и се избира од редот на афирмирани и познати стручњаци во соодветни области како што се адвокати, нотари, комерцијални ревизори, иннжењери и слично, кои што ги именува и разрешува Владата на РМ. Квалитетот на ова решение се огледа во фактот што оваа Комисија се формира надвор од структурите на државните орган и организации и во постапувањето по жалбите е независна, односно во оваа Комисија неможат да бидат членови лица кои што ги избира или именува Владата на РМ.

Новина е исто така во текстот на законот претставуваат и одредбите на член 2 став 1, во однос на јавните набавки кои имаат одбрамбен и безбедносен карактер за земјата. Овој закон на нив не се однесува, како и одредбите на член 58 став 5 во однос на потпишувањето на договорите. Тоа исто така е новина во овој текст на законот, односно покрај набавувачот и понудувачот договорот треба да се потпише и од овластен претставник од Министерството за финансии, односно соодветното министерство за единките корисници на средствата од Буџетот. Ова се предлага, пред се поради поголема контрола на склучените договори во рамките на вкупно обезбедените средства за таа намена.

Во Предлогот за донесување на Закон за јавни нбаваки, во третиот дел посебно беше обработено прашањето за отуѓувањето на опрема и стоки и давање под закуп. Меѓутоа во овој текст на Законот се оцени дека не е потребно да бидат внесени и тие се изоставени во овој текст на законот и се смета дека ќе бидат обработени во друг закон.

Во Предлогот на законот во основа се вградени предлозите и укажувањата на работните тела и од расправата на седницата на Собрнаието и од комисиските расправи, особено по прашањата што се однесуваат од видовите на постапките за јавни набавки, нивниот начин на водење при одлучување за избор на најповолен понудувач, работењето на

комисиите, а особено внимание се посвети на органите по жалбена постапка и казнените одредби.

Се прифатија и одредени сугестии кои имаат и редакциски и правно - технички карактер. Покрај овие извршени се и други квалитетни и стручни подобрувања кои оваа содржина на Предлогот на законот, го прават компатибилен со модерните принципи и стандарди за регулирање на јавните набавки од меѓународни организации и органи.

Во подготвувањето на овој текст беа вклучени исто така и се вршеа соодветни консултации со претставниците на Светската банка и Комисијата на Европската унија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го слушнавте излагањето на претставникот на Владата.

Јас сепак предлагам заради натамошниот тек на расправата, да гласаме по предлогот на пратеничката група на ЛДП, која предлага овој закон да се разгледа на денешната седница како Нацрт на закон, за да можеме натаму да ја водиме расправата.

Предлогот на пратеничката група Ви е поделен.

Предлогот на пратеничката група го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (17 пратеници гласаа за).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој друг бара збор во рамките на општиот претрес.

Има збор господинот Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, целта на моето излагање е со одредени мои укажувања и размислувања, да направам една компарација помеѓу ова како овој систем се уредува со овој закон, во компарација со тоа како е тој уреден во некои други западно - европски развиени демократии, а од друга страна да укажам на одделни одредби кои што сега и понатаму заради тоа што не се укинуваат со овој закон, ќе егзистираат во праксата и ќе создаваат конфузија во примената на оваа материја, а се разбира како поткрепа на ова наше барање дека овој закон денеска требаше да го гледаме како Нацрт и да имаме повеќе време да направиме уште по сеопфатен и по конзистентен закон, кој ќе ја регулира оваа навистина сложена и многу важна проблематика.

Сметам дека овој  закон е од особена важност, бидејќи начинот на трошењето на јавните државни пари во голема мера ги условува економските, политичките, но и севкупните општествени текови во државата. Оттаму, многу е важно како ќе се регулира овој сегмент т.е., дали со законската регулатива ќе се постигне рационалност и ефикасност во трошењето на јавните пари и ќе се ограничат до максимум можностите за злоупотреби. Се разбира дека, нема пазарна економија без пазарно однесување во јавните набавки.

Веднаш на почетокот да кажам дека, за трошењето на јавните пари преку јавните набавки е веќе говорено во ова Собрание во повеќе наврати, но и дека темата е многу актуелна со оглед на бројните афери во оваа област што се присутни во јавноста веќе подолго време.

Либерлано - демократска партија многу одамна укажуваше на неопходноста од донесување на Закон за јавните набавки, но за жал изминаа повеќе години пред да дојде Предлог закон до ова Собрание, а во меѓувреме се успеа само да се донесе Уредба за јавни набавки која владата ја усвои по силни притисоци извршени од страна на министрите на тогашната Либерална Партија. Но,се укажува дека и таа Уредба во голема мерка се заобиколувала во изминатите две години.

Неспорно е дека од досегашниот начин на располагање и трошење на јавните пари нашава држава претрпе големи финансиски штети, но и сериозно си го наруши угледот пред меѓународната заедница. Сметам дека и во оваа прилика треба да се каже, зошто оваа материја е толку важна и кои се последици настануваат од отсуство на регулатива, но и од недоволно или непрецизно регулирање.

Преку јавните набавки, државата станува директен учесник на пазарот и од начинот на кој таа ќе се однесува, зависи во голема мерка дали на тој пазар ќе важат принципите на конкуренција или не, всушност дали во државата ќе има пазарно стопанство или не. Уште поважно е да се каже дека во отсуство на услови за конкуренција помеѓу субјектите на пазарот на јавните набавки настапува процес на криминализација со крајно негативни последици. Корупцијата и непотизмот стануваат правило, а не исклучок. Секому му е јасно

дека таквата состојба има разорно дејство врз претприемачкиот дух, бидејќи во такви услови никој повеќе не се стреми да се наметне на пазарот преку нудење на пониски цени и подобар квалитет, туку исклучиво шансата за остварување на профит ќе ја гледа преку малверзации со оние функционери што одлучуваат за набавките во државата.

Треба да се напомене дека овие крајно негативни ефекти се уште пострашни во помалите држави, со мали пазари каде што приватниот сектор нема голем финансиски потенцијал и каде што големи зделки во милионски износи можат да се склучат и реализираат исклучиво со државата. Во такви услови, доклку не постојат јасни правила за обезбедување на слободната конкуренција ниту пак јасна одговорност за оние што ги злоупотребуваат државните пари за лично богатење, секакви измамници ќе се појават како менаџери на фирми кои преку ноќ стануваат големи и моќни, само со реализација на една или две јавни набавки од кои оствариле огромна разлика во цена на штета на државата, но со огромна корист за нив и за функционерот што одлучува за набавката. Тие фирми, со оглед на големата финансиска моќ која ја стекнуваат, стануваат пример за успешност во бизнисот, дури и добиваат одликувања од истите оние со кои ги прават малверзациите и присатни се на пазарот се додека можат да го зголемуваат сопствениот капитал со нови злоупотреби. Потоа обично тие фирми згаснуваат, а често т.н. успешни менаџери основаат нови фирми под друго име или пак исчезнуваат во непознат правец заедно со заработувачката, се разбира. Доколку пак се затекнале тука и ете мора да им се суди, тогаш тие добиваат условни казни.

Исто така, јасно е дека тие држави странскиот капитал ги заобиколува, а со оглед на многу ограничениот внатрешен финансиски потенцијал нови инвестиции нема, а невработеноста постојано се наголемува до астрономски височини.

Од тие причини, одамна земјите кои денес имаат развиена демократија и пазарно стопанство ја сватиле опасноста од стихијниот начин на располагање со државните пари. Во тие земји, на сила се многу сеопфатни законски прописи кои детално ја регулираат оваа материја за да се избегнат до максимална граница можните негативни појави со специјални тела и органи задолжени за следење на состојбите и предлагање на мерки за подобрување на регулативата. Не случајно тие закони се со стотици страници, бидејќи е јасно дека и мала нејаснотија или непрецизност во оваа материја, може да овозможи изигрување на прописот. Може да се каже дека овие закони ги задоволуваат генерално следните принципи: јавност и транспарентност, обезбедување на услови на функционирање на слободната конкуренција, рамнпоравност на субјектите, контрола врз јавните набавки и одговорност на учесниците.

Сега би се осврнал накусо и на Предлогот на Законот за јавни набавки, кој денес ни е предложен од Владата. Мислам дека покрај повеќегодишното доцнење со уредувањето на оваа материја, измина и долг период од скоро 6 месеци, откако ова Собрание го усвои Предлогот за донесување на овој закон. Најпрвин би укажал на еден факт што навистина е зачудувачки. Во образложението на Предлогот за донесување на Законот за јавни набавки стои дека како модел за изработка на нашиот закон, меѓу други е земен од страна на предлагачот и соодветниот закон на Словачката Република. Тој закон, од страна на Европската Комисија е оценет како некомпатибилен со европското законодавство и недоволно јасен. Тоа е јасно забележано на страна 35 од поединечната Агенда 2000 за Словачката Република, изготвена од страна на Европската Комисија.

Навистина е загрижувачки фактот што за пример се зема закон кој не е усогласен со европското законодавство. Крајно непродуктивно е да носиме сега закони за кои однапред знаеме дека по одредено време ќе треба да ги менуваме, т.е. да ги усогласуваме со Европските стандарди. Се надевам дека во иднина, Владата барем ќе ги чита релевантните документи на Европската Унија и ќе знае да ги извлече поуките од нив. Без тоа, нашата стратешка определба за влегување во Европската Унија е мртво слово на хартија.

Друг сериозен проблем е што покрај овој закон, на сила ќе останат прописи во други закони кои се однесуваат на јавните набавки, а кои што со овој закон не се укинуваат, значи тие и понатаму ќе продолжат да егзистираат, што дополнително ќе создаде една конфузија во регулативата на оваа материја. Имено, во член 75 од Предлогот на Законот за јавни набавки, предлагачот пропишува дека ќе престанат да важат само 10 члена од "Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат" од 1985 година. Веднаш треба да се каже дека споменатиот закон е целосно анахрон со денешното општествено уредување во Република

Македонија, на што укажува самиот наслов. Многу чудно е што тој до денес опстанал, но уште почудно е што предлагачот ни сега нема намера да го укине или да го усогласи со новото општествено уредување. Тоа требаше да биде сторено пред повеќе години. Во тој закон се оперира со категориите како што се "самоуправни органи", "самоуправни спогодби" опишува какви треба да бидат ликот и делото на државните функционери итн...

Но, она што е поважно дека предлагачот не предвидува укинивање на голем број на членови од тој закон кои непосредно ја регулираат материјата на јавните набавки и тоа спротивно на одредбите на Предлог законот кој денес е на дневен ред. Би сакал само да Ви цитирам неколку примери:

- на пример членот 17 останува да важи, а во него се вели: "Предметите се набавуваат со јавно наддавање, прибирање на понуди и со непосредна спогодба. Со непоспелна спогодба се прибавуваат следниве видови предмети:

1. Предмети на ситен инвентар;

2. Уметнички слики, скулптури и други предмети со уметничка и културна вредност;

3. Потрошен материјал, алат и резервни делови;

Во оваа насока, Предлог Законот за јавни набавки предвидува сосема поинаква регулатива.

Значи веќе тука имаме двојна регулатива.

- потоа во членот 54 кој исто така и понатаму ќе важи се вели: "Средствата за превоз се прибавуваат од домашно производство". Сега се поставува прашањето: кој е тој субјект што Владата го планира како домашен производител на возила? Но, се поставува и друго прашање: дали оние државни органи што набавија возила од странство во изминатите години не го прекршиле овој закон, кој што сеуште егзистира.

- во членот 61 пак се вели: "Опремата и потрошниот материјал се прибавуваат под следните услови:

1. Да се од домашно производство;

2. Да одговараат според капацитетот, според функцијата итн.

Сето ова е сосема поинаку регулирано во законот, што денес е на дневен ред.

Исто така, "Законот за изградба на инвестициони објекти" од 1990 година, кој сеуште важи, пропишува постапка за распишување на јавни повици за градење на објекти. Членот 24 предвидува одредени лимити за вредноста на објектите изразени во динари, потоа пропишува дека со непосредна спогодба се склучува договор за градба на објекти за цитирам "општонародната одбрана" итн. Предлагачот не го укинува овој член, иако во предложениот Закон за јавни набавки се предвидува поинаку.

"Законот за органите на управата", кој исто така останува да важи ги пропишува следните работи. Во членот 175 се вели: За распоредување и користење на средствата за материјални трошоци, посебни намени и средства за опрема на органот на управата, одлучува функционерот кој раководи со органот на управата. Имајќи предвид дека во Предлогот на Законот за јавни набавки никаде јасно не е забележано дека одговорното лице е должно да ја почитува одлуката на комисијата за најповолен понудувач. Испаѓа дека се ќе остане по старо. Одговорниот функционер сам ќе одлучува во овие случаи што сега ги кажав за трошењето на јавните пари.

Би сакал да слушнам од претставниците на Владата дали е извршена анализа на досегашното законодавство што ја регулира оваа материја, за да се изработи конзистентен Закон за јавни набавки или пак со тек на време ќе откриваме дека сеуште важат и други прописи од минатото и ќе се внесе целосна конфузија, со тоа што на сила ќе бидат закони со спротивни одредби. Тоа, се разбира, дополнително би ја замаглила одговорноста на оние што одлучуваат за трошењето на државните пари.

Што се однесува до самиот текст на Предлогот на законот, сакам да укажам накусо на одредени слабости кои сериозно ги нарушуваат принципте врз кои тој треба да се темели. Предлагачот, во образложението, истакнува дека обезбедувањето на целосна јавност во јавните набавки е неопходен предуслов за еден современ закон во држава со пазарно стопанство.

Но, во предложениот текст е јасно забележано дека за набавките од 5.000 до 100.000 германски марки во денарска противредност набавувачот не е должен да објави јавен повик. Тоа е членот 42. Потоа во членот 44 е поецизирано дека набавувачот може да одбере до кого

ќе се обрати за добивање на понуда. Оваа комбинација на спомenатите два члена јасно го овозможува следното: прво набавката што треба да биде и со поголема вредност може да се распцепка на повеќе набавки, за да не го надмине прагот од 100.000 германски марки, а потоа ќе се бараат само понуди од "избрани субјекти" по оценка на набавувачот.

Од ова јасно се гледа дека објавувањето на јавен повик за набавките до 100.000 германски марки во денарска противвредност, треба и мора да. биде задолжително. Целосната транспарентност и јавност во набавките, според европските критериуми подразбира и нешто друго. Тоа е дека имињата на оние фирми што склучиле договор за јавна набавка над одреден праг, исто така треба да бидат објавени во службено гласило. Тоа овој закон не го предвидува.

Во европските закони исто така, се предвидува и јавно објавување на имињата на оние фирми за кои се утврдило дека ја измамиле државата и со кои понатаму, за одреден период или пак трајно, државата нема да склучува договори за јавни набавки.

Исто така, треба на јавноста т.е. на субјектите што набавуваат, но и оние што нудат да им бидат достапни во една публикација спецификациите и стандардите на разните видови стоки и други работи што се предмет на јавни набавки. Истите треба и да се дополнат со оние стандарди што евентуално недостасуваат или пак се недоволно прецизни. Тоа ќе и овозможи увид на јавноста дали одреден јавен повик ја почитува постоечката стандардизација или пак се наведуваат спецификации по мерка на еден единствен потенцијален понудувач.

Како што веќе напоменав, контролата врз јавните набавки и одговорноста на субјектите учесници во истите се темелен принцип без кој нема ред во трошењето на јавните пари. Сметам дека во нашиот Закон за јавни набавки треба посебно внимание да им се обрне на тие елементи.

За жал, во овој Предлог на закон предвиден е модел на контрола, кој неможе вистински да ја оствари таа важна функција. А без можност за вистинска контрола, залудни се сите претходно пропишани постапки и дејствија.

Имено, она што се предлага е едно Министерство, Министерството за финансии, да врши контрола преку свои службеници кои би биле именувани како инспектори за јавни набавки а други службеници би учествувале во работата на комисиите за јавни набавки ви сите органи.

Веднаш треба да се каже дека, поимот контрола на работењето на власта во парламентарните демократии каде што поделбата на власта е вистински воспоставена, подразбира меѓусебна контрола меѓу различните видови на власт. Во тоа се состои суштината на тој модел на политичко уредување. Власта која се контролира самата себеси, е карактеристика на еднопартиските политички системи.

Вработените во едно Министерство неможат да обавуваат вистинска и независна контрола, бидејќи основните предуслови за такво нешто не се обезбедени. Предвидените инспектори му се хиерархиски подредени на министерот за Финансии, но и ако сакате хиерархиски му се подредени на некој начин и на секој висок функционер во друг орган на управата. Со други зборови, тие инспектори подредени им се хиерахиски токму на оние кои ќе одлучуваат во комисиите за јавни набавки. Да се врши вистинска и независна контрола во органот од кого се прима плата и од кого на некој начин е зависна егзистенцијата на контролорот се разбира е невозможно.

Токму тоа, како што веќе напоменав, одамна го имаат апсолвирано парламентарните демократии и во секој вид на контрола врз работењето на власта предвидени се механизми за обезбедување на независна инспекциска контрола, но паралелно и други механизми во кои се испреплетуваат разлижните видови на власт. Таму владите не ги именуваат и разрешуваат инспекторите, ниту пак платата им е зависна од Владата. Тоа се темелните предуслови за независност. Се разбира постојат и други предуслови како што се: достоинствена плата, нормални услови за работа итн.

Кај јавните набавки, во западноевропските парламентарни демократии покрај редовните финансиски инспекциски служби се среќаваат различни и би рекол превентивни механизми на контрола на јавните набавки, во кои редовно е вклучена или парламентарната или пак судската власт. Има и земји, како што е на пример Франција, каде што законски е предвидена можноста и самата Влада да основа специјална комисија за испитување на одредена јавна набавка, во која покрај министри членуваат високи претставници на судската

власт (судии, обвинители итн.) со цел се разбира да се расветли некоја набавка за која постои мислење во јавноста дека е злоупотребена за стекнување на лична корист.

Таму, на Владата и е важно да докаже дека не дошла на власт за да се збогати преку малверзации со државните пари, но исто така и е важно да биде санкционирано секое злоупотребување на јавната функција. Тој вид на специјална комисија е предвиден во Уредбата за јавни набавки, но во овој закон такво нешто нема.

Постои и една друга карактеристика на контролата во земјите на Европската унија, а тоа е дека се предвидуваат органи што ја следат работата на набавувачите од самиот почеток на постапката па се до реализацијата на набавката, со можност да се реагира веднаш доколку се појават неправилности. Во тие тела членуваат стручњаци од разни области, кои покрај контролата имаат и други задолженија како на пример следење на пазарот и давање на совети на набавувачите, предлагање на групни набавки заради постигнување на поповолни цени, утврдување на еднобразна документација, водење на вкупна евиденција на јавните набавки, разгледување на жалбите, изрекување на санкции кон оние фирми што ја измамиле државата итн. Сметам дека тој модел би требало и ние да го примениме, со тоа што за составот на таа главна Комисија за јавни набавки треба да се постигне договор помеѓу релевантните пратенички групи во Собранието на Република Македонија.

Што се однесува до казнувањето на оние што ќе го прекршат законот, мислам дека е неопходна продлабочена анализа на нашиот кривичен закон, за да се утврди дали навистина сите можни крупни прекршувања можат да се подведат под постоечките дела, за кои се предвидува кривична одговорност. Со оглед на специфичноста на јавните набавки, може лесно да дојде до ситуација во која некоја постапка со која се изигрува законот и се стекнува голема противправна корист, да неможе да се подведе под "класичните" формулации во кривичниот закон, како што се: злоупотреба на функцијата, а тоа дело да се третира како прекршок.

Ова го говорам имајќи предвид што се се предвидува како прекршок во овој предлог закон. Би цитирал само еден пример: Со парична казна од 15.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице во правното лице, доколку не ги запазува критриумите за избор на најповолен понудувач. Со други зборови, може да се случи да се фаворизира одредена фирма чија понуда не е најповолна, за тоа се разбира под маса да се наплати процент кој може да биде и милионски, во зависност од вредноста на набавката и за сето тоа казната да биде најмногу 50.000 денари.

Од сето изнесено јасно произлегува дека ќе беше подобро да денес да разгледувавме Нацрт - закон и сите овие сеирозни забелешки и предлози да се проучат и внесат во законот Со. Амандмани, мислам дека тешко може ова се што го наведов и она што порано Пратеничката група на ЛДП укажуваше тешко би можело преку амандмани сето ова да се постигне, затоа дадовме предлог да го гледаме сега како нацрт, се со цел да направиме еден сеопфатен закон кој ќе ја регулира оваа сложена материја.

За крај, би сакал уште еднаш да укажам дека овој закон треба да се свати како многу важен за нашата држава. Тој треба да биде брана за злоупотребите на државните пари, а имајќи предвид дека со државните пари располагаат највисоките органи во државата, нивното криминално однесување за секоја држава значи нашироко отварање на вратите на општата криминализација на државата, т.е. општество во кое корупцијата станува дел од секојдневното живеење.

Конечно, доколку ова Собрание смогне сили да носи вистински европски закони, ќе се докаже дека оваа држава ги разбира европските цивилизациски текови и ги споделува истите вредности, дека ова е држава што треба да опстане, бидејќи знае како да му се придружи на европското семејство и таму да биде рамноправен партнер. Во спротивно, и понатаму ќе им даваме за право на оние што не сместуваат во европската зона на самракот, во групата на оние држави каде што едно се зборува, друго се прави, а сосема трето се случува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Николина Трајановска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денес ја имаме конечната верзија на текстот на Законот за јавни набавки, со кои навистина премногу се

доцни, па во овој законски вакум направени се многу штети на државата, како на внатрешен, така и на надворешен план.

Впрочем, сведоци сме деновиве на афери околу јавните набавки што македонската јавност со големо интересирање ги следи. Се разбира интересот на јавноста е оправдан, бидејќи тоа се нејзини пари, тоа се пари на граѓаните, па нормално е граѓаните да се интересираат како нивните пари се трошат.

Веднаш на почетокот сакам да истакнам дека како во Предлогот за донесување на овој закон, така и во конечната верзија што денеска ја гледаме, не се испочитувани основните принципи т.е. постулати врз кои треба да се потпира овој закон. Така повторно имаме закон кој во пракса нема да биде применлив и ќе остава можност за слободни толкувања т.е. злоупотреби.

Заради тоа беше и нашиот предлог овој закон денес да се гледа како нацрт, да се дополни со сите наши забелешки кои ги искажавме како во фазата за донесување, која беше како Предлог за донесување на закон, така и денес што ги изнесуваме. Потоа, до Собранието во најкраток можен рок нова верзија на овој закон, бидејќи навистина е изгубено многу време и направени се многу злоупотреби.

Главните постулати кои ја регулираат оваа материја се всушност три:

Прво, јавност при набавките. Второ, обезбедување на принцип на пазарна конкуренција и Трето, контрола во јавните набавки.

Сите овие три пирнципи се подеднакво важни и ако еден од нив недостасува регулативата не може да функционира. Текстот на законот што денес ни се нуди како конечна верзија за разлика од Предлогот за донесување на закон во однос на првиот постулат јавност во работата има напреднато, но во однос на третиот постулат, а тоа е контролата, овде скоро ништо не е изменето. Јавноста не подразбира само, како што овој закон предвидува - објавување на намера за извршување на набавките. Европа подразбира јавност и во понатамошниот тек на извршување на набавката.

Во мојата дискусија по повод првичната верзија на овој закон забележав дека, Европска пракса е за набавката на одредена вредност, името на оној кој го добил договорот да се објави во службени весници. Но, исто така, позната пракса во западните земји е и објавувањето на таканаречената "црна листа" т.е. имињата на субјектите кои не ги извршиле преземените обврски по договорот, јавно да се објават. Станува збор за оние субјекти кои се обиделе да ја измамат државата за кои тоа се утврдило.

Контролата е онаа на која треба суштински да се обрне најголем внимание, бидејќи ако овој принцип не се остварува, а се однесува на одговорноста, тогаш субјектите вклучени во јавните набавки нема да ги почитуваат ни првите два принципи.

Европското законодавство многу прецизно ја има регулирано оваа материја со посебни закони, бидејќи принципите кои треба да се испочитуваат не може да бидат обезбедени во други постоечки закони, заради спецификата и важноста на проблематиката што тие ја третираат.

Што се однесува до конкретните забелешки на текстот, јас ќе истакнам неколку и покрај тоа што сметам дека со амандмани овој закон не може да биде корегиран. Во членот 6 кој се однесува на планирање и утврдување на потребата од набавка, цитирам "набавувачот може да ги планира своите потреби за набавки" - што сметам дека е несоодветно, т.е. дека набавувачот мора да ги планира, а не може своите потреби за набавки т.е. мора да постои рамковно планирање. Во членот 4 став 2 прашувам кој е соодветнито надлежен орган на управата, кој треба да даде согласност? Ова воопшто не е дефинирано.

Членот 8 повторно изразува дилема кој е тој што ја организира групната набавка, што сметам дека треба да биде дефинирано со планот.

Мора да постои централна комисија за набавки во Владата составена од друга власт и тоа е во дел кој го има цела Европа, тоа е дефинирано во Уредбата која постои, но многу малку се употребува или воопшто не беше употребувана. Оваа комисија исто така треба да ги следи набавките во тек.

Во членот 17 нема рок на важност на понудата и гаранција за добро извршување. Пропишаните стандарди и правила за стоките треба да се пропишани во посебна публикација. Членот 18 мора да предвиди и писмен доказ за благовременост на доставување на понудата.

Во членот 24 зборот "може" треба да се отфрли, бидејќи остава можност за слободно толкување. Членот 25 кој е најклучниот во овој закон, а се однесува за избор на најповолен понудувач, треба да биде многу попрецизно дефиниран.

Во членош 42 став 2, кој предвидува можност барањето за набавка со прибирање на понуди да не биде објавено заради економичност и ефикасност. Сметам дека мора да се објавува, заради избегнување на можности од манипулации.

Понатаму членот 43, исто така треба понудувачите да достават документи со кои ќе покажат дека ги измириле обврските кон државата даноците и сл. Не може да биде партнер на државата оној кој ја поткраднува.

Во членот 44 каде е предвидена можност Комисијата да доставува барања за прибирање на понуди за определен број на понудувачи што самата ќе ги определи се остава исто така простор за злоупотреба од одредени членови на оваа комисија.

Кај непосредното спогодување има можности за манипулација, проблемот на итноста е секогаш субјективен.

Во членот 45 каде се дава можност за непосредно спогодување за набавка на материјални средства, опрема и вршење на услуги да се предвидуваат набавки од носител што ги затвора деловните активности, сметам дека не е во ред.

Во членот 46 би требало да биде попрецизно дефиниран што се подразбира под забрана набавка, за иста потреба да се реализира од еден ист понудувач.

Во членот 48 потребно е да се даде објаснување, како се утврдуваат лимитите. Се спомнува лимит од 5 милиони германски марки со непосредна спогодба за набавки од понудувачи што извршуваат јавни набавки за изградба на патишта, пруги, електрични односно термо -централи и сл. Ќе се согласите 5 милиони марки е огромна сума.

Претходниот закон имаше само 89 члена. Овој е редуциран на 76. Изгубено е многу.време, меѓутоа целите кои требаше да се постигнат со овој закон, овој закон не ги обезбедува. Сегашната форма повторно овозможува "заобиколувања".

Околу одговорноста потребно е да се изврши анализа дали овие дела ќе можат да бидат подредени под формулациите на Кривичниот закон. Затоа на крајот сакам повторно да го истакнам предлогот на Пратенич-ката група на ЛДП кој беше изнесен на почетокот дека, на овој закон навистина му е потребна пообемна доработка и таа да се изврши во што пократок рок, да се вградат сите овие фундаментални забелешки, а потоа да се достави до Собранието како конечен предлог, како конечен текст.

Од овие причини пратеничката група на ЛДП смета дека, со амандманско дотерување не може да се изврши корекција на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата. Јас нема да се повторувам со моите колеги од ЛДП во однос на овој закон, меѓутоа морам да споменам неколку факти кои ги сметам дека се од исклучителна важност воопшто околу овој проблем.

Прво, на овој закон многу долго со години ЛДП инсистираше да се донесе. Значи, со години инсистиравме да се воведе процедура за набавки, се мисли на набавки кои ги реализираат буџетските корисници како и други корисници. Тој не се носеше. Сега на нашето барање тој закон да го донесеме во три фази, односно да имаме време уште некое време за да го подбориме текстот, се гласа против, значи чекавме толку долго време, а сега ни е важно за два дена или за ден да го донесеме овој закон. Тука се гледа еден принцип кој не е во ред, кој го наметнува Владата, односно позицијата.

Друго, оваа Влада цело време без закон со некои акти кои не нудеа никаква правна сигурност дозволуваше во целиот мандат да се реализира огромна сума на набавки, односно набавки кои носат огромна сума, огромни буџетски средства се потрошени без контрола. Дојдоа изборите, сега ќе го носиме законот. Значи, трошевме без контрола, без закон, јас би рекол на"уметнички начин" секој министер беше набавуван, министрите беа тие кои одлучуваат, тие беа инженери, тие беа се, тие знаеја што треба, колку треба да се плати, не се почитуваат најелементарни процедури кои воопшто се познати во бившиот систем. Јас

можам да ви кажам дека во бившиот систем постоеше процедура на набавка, каде сепак колку да не беше дефинирана процедурата околу набавката и условите, сепак постоеја општествени претпријатија кои немаа шанса во Југославија, сметам на понудувачите од Југославија да прават некои крупни злоупотреби, што се однесува од нивна страна да кажеме да ја зголемат цената на телефонската централа која чини 70 илјади на 700.000 и тие пари да ги земат. Тоа не постоеше. Како што се случи сега во Министерството за финансии.

Сега овие години се пружи можност сите владини набавки се набавуваат на тој начин. Министрите или формираа или не формираа комисии, одлучуваа и тоа се набавуваше. Цената, технологијата, техничката исправност, тоа не беше ништо важно. Јас знам дека за последната набавка сега, не сакам да одам во детали, дури и гаранциските рокови не се утврдени, дури ни некои технички елементарни работи кои се битни да функционира опремата воопшто не беа земени во предвид.

Јас ќе ви кажам нешто таква опрема која се набавува од електрониката помегу 15 и 30% од вредноста на опремата изнесува гарантниот рок од година дена. Ние имаме опреми кои се набавени, а кои воопшто не постои комисија која потпишала и за која би важел гарантен рок. Тоа значи пружаме можност на добавувачот да користи 30% од вредноста на опрема. Замислете сега некоја опрема дали е компјутерска опрема или е телефонска централа која чини милион марки 30% во просек 300 илјади ДМ кои купувачот може да ви ги даде од џеб и да рече во ред е тие 30% јас не ви гарантирам во оваа година да ја одржувам централата, а тие пари што ви следуваат на вас, ќе ви ги дадам.

Не сакам да одам во детали, меѓутоа сакам да укажам на тоа дека многу време се пропушти, многу државни пари се потрошија, се направи многу голем криминал и да ви кажам ништо од тоа ни еден од тие кои учествуваа во тие набавки не одговараше никому и тоа е така до денеска.

Денес инсистираме да го донесеме овој закон, сакаме по скратена постапка, ние бевме против, мислам дека не ни се пружи можност во ова време на транзиција каде што сега се ставаат во искушение и тие што треба да набавуваат и тие кои треба да направат криминал, тој простор на дејство кој би предизвикал во најмала рака криминал да го сведеме на минимум. Но сега сме тука, законот е тука, јас нема да гласам за тој закон и сметам дека е добро да се носи закон, барем ќе имаме закон кој на некој начин ќе ги канализира работите. Бидејќи ние од Либералната партија сметаме дека треба да имаме квалитетни закони, затоа бевме за тоа да биде во три фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За волја на вистината морам да напоменам дека законот се носи во редовна постапка, не во скратена постапка. Ова Собрание утврди Предлог за донесување на закон и ја задолжи Владата да изготви Предлог на закон и ние по него расправаме денес.

Има збор г-ѓа Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ќе дадам само едно дообјаснување. Како што рече и претседа-телот на Собранието, овој закон не се носи во скратена постапка. На седница на Собранието беше Предлогот за донесување на закон, сега е ова втора фаза како Предлог на закон.

Исто така, сакам да укажам на следното. Овој закон е усогласен со директивите на Европската унија во областа на јавните набавки.

Во таа постапка во донесувањето на законот имаше свое учество и консултант од Европската унија, кој високо ги оцени законските решенија кои се денес на дневен ред. Исто така, имаме позитивно мислење и од Светската банка за текстот на законот, кој денес го имате на расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, еве точна на 15 јануари 1997 година е утврден Предлогот за донесување на закон, денес сме 4 јуни. Значи, тоа не е по скратена постапка.

Молам, кој друг бара збор? Има збор г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, сигурно дека донесувањето на еден ваков закон беше потреба, насушна потреба, но некако доста доцни, едно 4 години, но никогаш не е доцна, секогаш треба да се донесе.

Гледајќи го овој закон, можам да кажам дека тоа е обид на Владата на некој начин да стави ред во јавните набавки, но по се изгледа тоа е неуспешен обид, бидејќи толку има противречности во законот со состојбите, интересите и контролите на органите на власта на Собранието и на судската власт. Сигурно дека овој закон би требало да има за цел парите кои граѓаните ги издвојуваат за опстојувањето на државата да се трошат најнаменски, најфункционално и најрационално. Бидејќи оваа работа како што е злоупотребата на државните пари не е ниту наша измислица, ниту прва пат овде кај нас тоа се случува, тоа е во сите општества и во сите држави, измислени се меха-низми кои повеќе или помалку вршат контрола врз трошењето на државните пари и државните пари се насочуваат за оние намени кои гарантираат опстанок на самата држава.

Гледајќи го само законо тза јавни набавки ваков каков што е, мислам дека ние како Собрание, барем во овие 4 години не почувствувавме потреба при донесувањето на главниот документ за работењето, за опстојувањето на државата, Буџетот, аналитички да утврдиме што е тоа како јавна набавка што ќе биде во годината во која се донесува тој Буџет. Овој закон вака одделен без специфицирање во Буџетот кои се тие капитални набавки во текот на годината и кои се тие нивни вредности, мислам дека овој закон тие резултати не може да ги даде. Ако се потсетиме во претходните триипол, четири години, колку поминаа, при донесувањето на Буџетот јас упорно инсистирав дека ние Буџетот го носиме на врат, на нос, најчесто во скратени постапки, Буџетот ни се ставаше на маса и ние гласавме или не гласавме за тој Буџет, без да се специфицира, без да се расправа по позициите по тој Буџет. Ако ние и натаму дозволиме возниот парк, како што се случи кај нас, незнам колку, стотина или двеста "Ауди" возила, вакви или онакви се набавуваат во една година, а во Буџетот тоа да не биде предвидено како некој настан кој чини многу пари, кој треба да се гледа, ваквите закони не можат да ја доконтролираат таквата работа. Не може ние да потрошиме во едно министерство 5 милиони марки, ако вкупниот фонд на тоа министерство е стотина милионимарки со лични доходи и други трошоци, а тоа јавно да не се расправа при донесувањето на Буџетот. Не можеме ние да купуваме транспортери или не транспортери, незнам што друго треба, чија вредност можеби е 5 - 10 милиони марки, а овде во ова Собранието придонесувањето на Буџетот да не се расправа за таа стратегија.

Мислам дека овој закон сам за себе е само добар обид да се каже дека ете и ние треба да имаме закон за оваа работа и дека со тоа ќе застанеме на пат на сето тоа што се случуваше во овие 4 години. Не е можно од читањето на овој закон да се воспостави оној систем на контрола кој е нужен и неопходен, да има контрола на сите видови набавки, бидејќи овде се работи за пари. Ако Ви кажам дека овие јавни набавки, луѓе божји, некаде со најгруба сметка во годината, во Република Македонија, за јавни набавки не е помалку од 1,5 милијарди марки се трошат по сите основи, почнувајќи од Буџетот за јавна набавка, јавни претпријатија и т.н. Ако е тоа 1,5 милијарди, тоа значи еден многу голем пазар за нашето стопанство и дефакто ако ги слушне-те стопанствениците, можат само да Ви кажат дека бизнис во оваа држа-ва има само ако со државата правиш бизнис, друг бизнис нема, или извоз. Така што овие пари во оваа сиромаштија не се безначајни и затоа треба поголема контрола на трошењето на овие прави отколку во земјите каде што Буџетот не претставува така голема вредност од сите стопански создавања. Она што колегата Мешков го искажа аналитички мислам дека нема што ниту да се додаде ниту да се одземе, на тоа треба да се одговори, на сите елементи од контрола, до взаемна контрола, до понуди, до ова до она.

Исто така, овој закон ќе направи и друга конфузија, на пример, почнувајќи од малите набавки, почнувајќи во малите места и т.н., каде ќе има одредена блокираност, па до овде каде се трошат најголемите пари, каде ќе има потполна слобода и каде ќе има да кажеме министерско или незнам какво убедување. Сметам дека ваков закон е потребен, но дали ние ќе успееме во амандманската расправа нешто да поправиме тоа незнам.

Во секој случај овој закон треба да се донесе и во овој закон можеби треба да има елемент, ако со овој закон санкционираме јавна набавка, ограничување толку, толку и толку пари, не може таа јавна набавка да не биде наведена во Буџетот дека Министерството за воени работи оваа година ќе потроши за вооружување 5 милиони марки. Исто така, во овој закон под името на безбедноста, под името на сигурноста од контролата со овој закон е изземена сигурноста, безбедноста на државата. Што значи тоа? Тоа е толку голем простор за манипулирање што нема крај. Имено дали тоа значи Министерството за внатрешни работи и

Министерството за одбрана ќе бидат изземени од контролата за набавки, да кажеме на тран-спортери или можеби ќе бидат изземени од контрола и набавка на "Реибан" очила или слични во тоа Министерство, или коњ "Липицанер" и т.н.

Мислам дека во ниту една демократска држава, без разлика што претставникот на Владата кажа дека добил многу добра оценка од гледањето, односно ние за сите закони така велиме дека се многу добри бидејќи ни даде кој стигна оценка однадвор, а што немаме одговор на аргументи, тоа не е битно. Дали овие министерства ќе бидат изземени од контрола при набавки, бидејќи тоа се големи пари. Дали се работи за оружје, дали се работи за возен парк и незнам кои се други работи, ако знаеме дека во историјата и во демократските држави военото министерство и Министерството за внатрешни работи не е надвор од контрола во набавките.

На крајот би завршил, треба да се потрудиме да го донесеме овој закон, велам дали ќе има разбирање и трпение кај претставникот од Владата овој закон да го поправиме со амандмани или не, ќе зависи од тоа квалитетот на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мислам дека потребата од донесување на овој закон не ја спори никој, неопходно е да го донесеме овој закон. Меѓутоа, со примери укажав дека по донесувањето на овој закон, барем колку што имав време компарирав со други прописи кои регулираат иста ваква материја, реков и тврдам дека егзистирањето на двојност во регулативата ќе создаде конфузија. И самиот предлог да се врати на доработка законот беше во таа смисла, а тврдам и понатаму дека треба да бидат не само тие одредби укинати во преодните одредби, треба и други да бидат укинати.

Дали некој не ги видел или нарочно ги оставил, мене не ми е јасно, меѓутоа со евентуалното одложување на конечниот текст ќе се постигнеше Секретаријатот за законодавство евентуално уште еднаш да ги прочешла сите тие одредби кои ја регулираат оваа материја, за да немаме потоа одредени проблеми во регулирањето на оваа област. Тоа беше она за што беше добро, иако дневниот ред односно редоследот на работите околу донесувањето на овој закон го утврдивме, меѓутоа од тој аспект беше само евентуално, ако има можност да се видат сите тие одредби кои требаше да бидат укинати, а не само оние што се во преодните одредби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 48 точка а, б и в, на членовите 61 став 1, 66 став 3 и 73 став 2 и на члеи 69 алинеја 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 70 став 1 за бришење на алинеја 16, со кој на седницата на Комисијата за финансирање и буџет се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 7 за додавање нов став 2, кој претставникот на Владата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет го прифати во изменета содржина и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман и на член 4 за менување на став 2, за бришење на член 20 и на член 31, за бришење на став 8 и истите на седниците на Комисијата за финансирање и буџет ги повлече.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман и на член 10 за бришење на ставовите 3 и 4, член 10 за менување на став 7 и на член 58 став 5, со кои не се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани и на член 10 за менување на став 8, член 22 став 2, член 59 став 1, член 61 став 1, и на член 63, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансираше и буџет поднесе амандман и на член 4 став 1, член 10 став 5 и на член 11 за бришење на став 2 и на член 42 став 2, по кои претставникот на Владата не се произнел, односно не се согласил.

Да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Дајте ние да го донесеме Законот за изборни единици, па да си одиме на избори, најдобро и тоа што побрзо.

Инаку, вака очигледно не одат работите.

Пауза до 16,00 часот.

Паузата отпочна во 15,20 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници,

Овој амандман не се прифаќа, бидејќи со прифаќањето на амандманот на Санде Давчев е содржано истото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (6 пратеници)..

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за бришење на став 3 и 4, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 5, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Имаме негативен став на Владата околу ова.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 7, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

И по овој амандман ставот на Владата е негативен.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не се прифаќа, од причини што сметаме дека треба да остане решението како што е понудено, да нема соодветни злоупотреби ако во постапката се јави членовите на комисијата да се во родбинска врска со понудувачите, максимум до II наследен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мислам дека амандманот треба да биде прифатен, заради тоа што ако не прифатиме тој амандман, мислам дека во таков случај ќе ја нарушиме уставната положба на еднаквост на сите, заради тоа што самиот факт што некој некому е во родбинска врска, автоматски самиот по себе не значи дека ќе има злоупотреби. Треба да биде склучен конкретен акт, да се констатира дека има злоупотреба, па потоа да се поништи или не самата јавна набавка.

Инаку, самиот факт априори што некој му е роднина некому, неможе однапред да кажеме дека тој направил или ќе направи злоупотреба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Бидејќи имам поднесено до колегата Никола Поповски потполно ист амандман, со кој бараме да се брише ставот 2 на членот 11, сметам дека треба да биде прифатен амандмаснот и од причина што, во колку остане овој член доаѓаме во судир со самиот закон со членот 3, во кој се зборува дека при јавните набавки се обезбедува јавност и еднаква положба на понудувачите во постапката за набавка. Двата члена се во колизија, со членот 3 е во колизија, а дали е некој во родбински врски постојат други органи и дали има злоупотреби во тие, тоа треба да се испита и утврди.

Сметам дека во закон, една ваква работа кажана од некои причини дека имало некои роднини кои нуделе, не може оваа работа законот да ја третира. Мислам дека и уставно гледано ги доведуваме во нееднаква положба сите понудувачи што се јавуваат на објавениот оглас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Со исто мислење сум како и претходните колеги. На Комисија овој амандман го поддржавме.

Само ќе додадам уште еден аргумент плус ако одлучуваше овде сам, индивидуален орган, работоводен орган, тогаш држеше да биде така како што предлага Владата. Меѓутоа, бидејќи е комисиски и комисија од 4 - 5 или 9 членови, апсолутно сметам дека амандманот не држи, бидејќи било кој во ваква мала држава, или мала територија, мал град еден од членовите на Комисијата може е да во некаква си фамилијарна врска, така што да падне тој тендер или таа набавка па процесот ќе се одолговлечи до бескрај. Ја сфаќам и намерата на Владата, на предлагачот дека до крај сакале да се заштити овој сегмент. Но, бидејќи се работи за комисија, апсолутно сметам дека тука нема пристрасност во одлучувањето.

Затоа го поддржувам амандманот на Комисијата што го поднесува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (64 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандмаснот на член 58 став 5, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

По овој амандман Владата има негативен став.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (Ниту еден пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Пеце Стојановски поднесе амандмани на член 14 за бришење на став 3, член 52 и член 62, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски поднесоа амандмани на член 11 за бришење на став 2, на член 14 став 2, член 32 став 2 и 6, член 44 став 3, за бришење на член 46, на член 51 за додавање нова точка и подточката ѕ) за додавање нов член 51-а и за бришење на член 71, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Бидејќи е усвоен оваков амандман претходно, беспредметно е да расправаме.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, овој амандман не го прифаќаме, од причини што во членот 14 став 2 стои дека, кога набавката се врши со одлука за меѓунароеден тендер, набавувачот повикот го објавува и во средствата за јавно информирање во странство.

Сметаме дека треба да остане ова решение, а не да биде незадолжително. Кога се работи за меѓународен тендер треба да се објави и во средствата за јавно информирање на меѓународниот тендер во странство, бидејќи тоа е една од основните членови во директивата на Европската унија.

Затоа сметаме дека не треба да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Пеце Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2 и 6, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не го прифаќаме, од причини што најпрво треба да се погледа техничката документација. Откако ќе се утврди техничката документација ќе се оди на разгледување на најдобрата финансиска документација.

Заради тоа, зборовите "до крајот на реченицата" треба да останат.

Понатаму, допрецизирањето на ставот 6 исто така не држи, бидејќи треба да се допрецизира онака како што е предвидено во членот 32.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Амандманот на член 32 став 2, всушност, со образложението е кажано дека треба само да гласи: "Комисијата прво ги отвора ковертите со техничка документација, а потоа ковертите со финансиска документација", и тука треба да се стави точка, а не како што е предложено "на набавувачите со најдобра техничка документација". Претходно кажува дека ќе ги отвори и техничките и финансиските понуди, а потоа зборува на набавувачите со најдобра техничка документација.

Не ми е јасно како некој може да утврди која е најдобра техничка документација. Тао е толку јасно, што му чуди како претставникот на Владата не го прифати амандманот. Треба да стои точка, а понатаму стои убаво во членот: "Комисијата ги оценува само оние понуди што целосно ги исполнуваат условите од отворениот повик и врши рангирање на понудите". Значи, неможе Комисијата да отвори и техничка и финансиска документација само на најдобрите понудувачи. Комисијата не знае кој е најдобар понудувач.

Што се однесува, исто така во ставот 6, извештајот особено содржи име и адреса на набавувачот, предмет и вредност на набавката, имињата на понудувачите што влегле во избор и причините за нивниот избор. Нема, комисијата не врши избор. Комисијата дава предлог за избор. Мојот амандман е во тоа, има дополнение, ако добро сте го прочитале, по зборовите "предлог за", а по зборот "нивниот", значи нивниот предлог комисијата не одлучува. Одлучува надлежниот работодавен орган, кој ќе биде избран. Комисијата само дава предлог.

И, дополнувањето е во следното, се случува на понудените понуди да имаме 1-2 или тројца понудувачи што имаат потполно исти понуди. Комисијата е должна сите тие понуди да ги достави до надлежниот кој одлучува. Неможе да стои, како што е во законот, најповолниот понудувач. Јас предлагам да стои најповолните понудувачи. Не треба понатаму да објаснувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (33 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 3, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на членот 44 став 3 е со следната суштина, наместо да се одбере еден понудвач што е најповолен, во амандманот се предлага комисијата да одбере повеќе понудувачи и да ги достави до одговорносто лице.

Сметаме дека треба да остане предложеното решение во законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, амандманот не се прифаќа.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 46, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман за бришење на член 46 не го прифаќаме, од следните причини, во членот 46 стои постапката со непосредно спогодување, се забранува набавка за иста потреба да се реализира еден ист понудувач, тргнувајќи од тоа дека во практиката може да се случи, а се случува често, таа набавка да биде, да дојде по третман на непосредно

спогодување се намалува во обем, за после одреден краток временски период, се повторува уште еднаш.

Можеби има друг аргумент г-динот предлагач на амандманот, но ние кога го ставивме овој член во текстот на законот, тргнувавме од тоа да се оттргнат и најмалите сомнежи, околу вршењето на набавките со непосредно спогодување.

Заради тоа амандманот не го прифаќаме.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Мора да кажам дека се работи за набавка со непосредно спогодување. Овој член за да влезе за разгледување, мора прво да го сослушаме членот 45 кој дава права за непосредно спогодување. Непосредно спогодување при јавните набавки може да се врши доколку предметот на набавката е достапен само од еден извор.

Зошто предлагаме, или ексклузивно право итн., зошто предлагаме да се избрише. Еден извор ако земеме пример таму каде работам и каде набавувам. Еден извор е за електроенергетска опрема, ти дефинира на ЕМО. Ние во февруар месец набавуваме трансформатори, заради потреба од големена моќност на трафостаници. За таа година еднаш набавувам, меѓутоа не знаеме никој колку во ноември или во декември, ќе имаме зголемување или набавка на електро печки и други потрошувачи што повторно бара зголемување на силата. Непостои друг извор. Извор е повторно ЕМО. Или да кажам столбови. За пластични столбови имаме еден единствен извор фабрика во Струга. Карпош фабриката е единствена. Но, дојде до потребата да се набавува уште. На ваков начин само ќе си ги исечеме рацете а не се прави никаква злоупотреба, бидејќи е непосредно спогодување, не е преку повик, не е преку отварање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака. (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за додавање на нова точка "и" по точката "ѕ", поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, амандманот се однесува на член 51, каде што набавувачите можат да користат постапка со непосредна спогодба и се наброени сите случаи во кои може да се врши постапка за непосредна спогодба, меѓу набавувачот и понудувачот.

Сметаме дека треба да останат сите случаи кои што се наброени, заради тоа што не е од битно значење, дали набавката се врши од непосреден производител, или тоа се врши преку одредена фирма, која што е рангот на трговијата, бидејќи така би ги ставиле во различна позиција претпријатијата, односно сите оние понудувачи со кои што би можело да се склучи договор за непосредна спогодба.

Па поради тоа, сметаме дека амандманот не требе да се прифати.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Јас сметам дека повторно треба да си го кажам мислењето по овој закон. Да бидеме на чисто. Ако кажеме дека непосредно набавување се врши од еден единствен извор, не е можно сега тој единствен извор да неможеме да го ставиме во постапка во непосредна спогодба.

Не ми е јасно, како може, во еден член од тоа да го ставаме, а во член 51 да го бришеме. Се работи за набавка од еден единствен производител. Во претходниот член што ви го прочитав, стоеше дека непосредна набавка може да се врши ако има единствен извор.

Сега овдека се забранува. Чудно ми е, како можеме во Македонија, да дозволиме набавка со непосредна спогодба за експлозивно право на некои кој застапува во Република Македонија, а неможеме да дозволиме непосредна спогодба за единствен непосреден производител кој досега во Уредбата на Владата постоеше. Подобро е значи да имаме ексклузивни претставници на туѓи држави, отколку да имаме непосредно спогодување со единствен производител, а во предходниот член кажано е кој може да влезе во спогодби за непосредно спогодување. Кажано е дека ако тој е единствен извор сега овдека повторно му

се забранува. Тоа не ми е јасно. Мислам дека мора да се усвои, инаку подобро е сега ЕМО ќе бара ексклузивен претставник, или Карпош ќе бара ексклузивен претставник за да може да склучи спогодба. Само на тоа ќе дојдеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амадманот за додавање нов член 51 а, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ќе ми дозволите само на пратениците да им предложам да го повлечат овој амандман, заради тоа што овој амандман е содржан во член 45, последната алинеја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го пбвлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52, поднесен од пратеникот Пеце Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Г-дине претседателе, ако ми дозволите ние амандманот ќе го прифатиме, само со една корекција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Може, повелете.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот би требало да гласи: во членот 52 зборовите "или по телефон", телефакс, факс, телеграф" се бришат.

Значи зборовите: "преку поштата", треба да останат во членот 52.

Ако пратеникот го прифати вака амандманот, ние би го прифатиле.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го прифаќаат вака модифицираниот предложен амандман.

Отворам претрес по амандман на членот 62, поднесен од пратеникот Пеце Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на г-динот Пецо Стојановски се прифаќа, бидејќи навистина значи допрецизирање на членот 62 односно се додаваат зборовите "на кој соглсност дава Владата", за што сметаме дека амандманот држи и треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 71, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Никола Р. Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

По се изгледа има недоразбирање со двајцата предлагачи на амандманот и заради тоа предлагаат членот 71 да се избрише. Нашите аргументи за да остане членот 61 се следните: согласно Законот за прекршоци, овој член се однесува на органите на управата, кои немаат својство на правни лица. Ако овој член се избрише, тогаш фактички, казнените одредби на овој закон, кои што се содржани во членот 70, бидејќи тие не се правни лица, ќе излезе дека за нив нема да важат казнените одредби.

Според тоа, сметаме дека овој амандман не треба да се прифати, односно решението што е содржано во текстот на законот да остане, онака како што е предложено.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Точно е дека треба членот да остане, но не ваков каков предлагачот го напишал.

Вели со парична казна од 15.000 до 50.000 ќе се казни за прекршоците од член 70 на овој закон и службеното лице. А во член 75 е кажано дека со казна од 15 до 50.000 денари ќе се казни со прекршок одговорно лице, сега сте додале и службено лице. Во кои, каде постои службено лице. Во Јавното претпријатие не постои службено лице.

Член 71 може да остане ако кажете со парична казна од 15 до 50.000 денари ќе се казни службено лице во органите на управа, а не вака. Одговорно и службено. Ние немаме службени лица во Јавни претпријатија. Имаме одговорно лице. Ако стои дека ќе се казни и службено лице во органите на управа, или каде ги има тогаш е добро.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Само да појаснам дека, овој член не се однесува за Јавните пртпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тексто и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници).

Дали има некој против? (5 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавни набавки.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем на проектот ХЕЦ - Козјак со Кинеската банка и фирмата ХАЈ-НАН-СИТ-ЕНТЕРПРАИС КОРП, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за гаранција на Република Макеоднија по договорите за заем и по проектот ХЕЦ - Козјак со Кинеската банка и со фирмата ХАЈ-НАН-СИТ-ЕНТЕРПРАИС КОРП.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака. (51 пратеник).

Дали има некој против? (4 пратеници).

Кој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предложениот заклучок.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (50 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

(Со седницата продолжува да претседава Џеладен Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, почитувани претставници на Влада, почитуван министер за здравство.

Јас станав само кратко да кажам дека Република Македонија, односно ова Собрание треба да даде гаранција за овие кредити кои ќе бидат за изградба на Козјак. Сите ние не сме против градење на Козјак, меѓутоа ако претходната расправа околу 61,5 милиони кредити исто така за Електростопанството да се доделат, се средства кои огромно ќе го оптоварат стопанството на Република Македонија и секој граѓанин во Макеоднија. Јас не ја знам точната бројка на задолжувањето на Електростопанството, меѓутоа тоа се движи околу 300 и повеќе милиони германски марки. Тоа е огромно задолжување, а оваа гаранција која треба да ја дадеме, за изградба на ХЕЦ односно кредитите кои треба да ги подигне, значи дополнително задолжение. Додатно задолжение и неможност електростопанството, бидејќи овој објект ќе се изгради, не ветува по ниедна логика на нештата околу производството на електрична енергија, дека ќе има можности овие пари да се вратат. Значи овие кредити за кои ние ќе дадеме гаранција, ќе паднат на грбот на потрошувачите, со зголемување на цената на електричната енергија.

За тоа се изјаснувам против оваа гаранција која треба да ја дадеме и ќе гласам против.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, овој заем од Кинеската банка во износ од 81 милион американски долари, ќе се отплатува во рок од 12 години, со греис период од 4 години, а во првите 2 години од греис периодот каматата ќе се капитализира. Овој кредит е со фиксна каматна стапка од 7,49 на годишно ниво, за 50% од вкупниот заем, а другите 50% се со каматна стапка либор, плус 1,5%. Ова е доста поволен кредит за изградба на овој хидро-електроенергетски објект.

Најпрво да кажам дека Електростопанство не планира да ја зголеми цената на електричната енергија, за да го отплаќа овој кредит, инаку на прашањето од кои средства ќе се исплатува овој кредит, одговорот е следен: Во Јавното претпријатие за Електростопанство на Република Македонија, редовно се прават калкулации во кои се анализираат задолженоста на претпријатието и можноста редовно да се подмират стасаните долгови, како тоа што се правеше и досега. И досега ниеден кредит не е паднал на гаранција на Република Македонија.

Според кредитните услови од Кинеската банка и Компанијата ХАЈНАН по денешни каматни стапки просечниот годишен ануитет е 13 милиона американски долари, а ќе почне да се отплаќа дури после 54 месец од денот на потпишувањето на договорот. Овие долгови се планираат да се вратат од, бидејќи има поголем грејс период, ќе се враќаат од самата Хидроцентарла Козјак, односно од производството на елективната енергија кога ќе почне да се произведува, а се планира тоа да биде после 28-миот месец по потпишвуањето на Договорот, однсоно 26-тиот месец пред исплакањето на првиот ануитет. Значи, уште во грејс периодот. Со планирано производство од 150 милион кв.часови вршна енергија, се планира годишен приход од сопствено производство во висина од околу 10 милиони долари. Останатите потребни средства ќе се обезбедат од сосптвенс учество, имајки предвид дека електорстоапнство на Македонија само на проектот Козјак во последните 3 години самостојно инвестираше околу 40 милиони долари и намалуавње на инвестиционите вложувања во останатите електроенергегски дејности. За илустрација, вкупно расположивите средства за инвестициони активности во 1998 година е:

1. Од слободната амортизација;
2. Од фондот за развој во висина од 10% од фактурираната електрична енергија;
3. Од надворешни извори на дистрибуџиите.

Или севкупно околу 62 милиона УСА долари.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Станковски повторно се јави за збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Пров, околу можностите и ликвидноста на Електростопанство и можностите за враќање на долговите. Електростопанство на Македонија во последниот месец или два се задолжи околу 140 милиони марки.

Имајки ги предвид и претхдоините кредити кои имаат грејс период од 10 или 15 години, Електростопанство сеуште не се соочило со можностите односно неможностите за неплакање. Ние, болките од сего ова задолжување, ќе ги осетат генерациите после 10 години. Таа обланда која вие ја палсирате, за да можеме ние тоа полесно да го проголтаме тоа дека постои грејс период и каматните стапки, тоа е се. Меѓутоа, главницата и сето тоа стои и треба да се враќа.

Јас ве уверувам дека овој повеке наменски објект за кого јас немам против да се гради, но не на овој начин со задолжување и со вакви кредитирање ке ви кажам дека е нанмалку произведувач на енерија, преку која енергија треба да се вратат средствата кои се земаат. Затоа, вашата обланда не можам да ја проголтам и ќе ви кажам едно. Задолжениeто е толкаво на Електростопанство и го става Електростопанство и во иднина, имајќи го предвид и грејс периодот, во неможност на било каков начин да ги врати парите. И, ќе се случи по некој период од 10 или 15 години нашите деца да бараат други извори, други можности, да се вратат тие пари.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-ѓа Стојановска.

**СЛАВНЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Очигледно, аргументите не можат да ве поколебат и јас не знам дали сте љубител на обланди или на наполитанки, јас само да ви кажам дека бев многу јасна кога реков,ниееден ваков грандиозен објект во делот на Електростопанството не се гради со соптвени средства. Која држава да го прави ова, мора да го направи со кредитни средства. Реков, можеби не сакавте да ме слушате дека овие кредитни средства се исклучително поволни, што сакате повеќе поволни да бидат, од тоа дека има четири години грејс период, се планира да се заврши за 2 години и од самата наплата на електричната еенргија, објектот самиот ќе се исплатува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Повторно се јавува г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Добор, веројатно, не можеме да се разбереме со претставникот на Владата, јас имам едни аргументи и држам со тие аргументи, а времето ќе покаже кој е во право.

Што се однесува до обландата и до наполитанката, веројатно не сте ме сватиле, обландата е само синоним да покажам како сакате на лесен начин да не премамите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-ѓа Стојановска.

**СЛАВЈАНКА СТ0ЈАН0ВСКА:**

Ќе бидам толку културна за во овој, навистина највисок законодавен дом да ви одговорам со такви зборови, со кои што вие на крај ги искажавте.

Навистина во оваа земја има и луѓе кои што и поштено работат.

**ЏЕЛАТИН МУРАТИ:**

Г-динитот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Немав намера да станам по оваа точка, но иритиран од колегата, ќе кажам неколку збор.

Посматрајќи ја позицијата, поготово, во овие посебни две години во овој Парламент, ако е извештај од Агенција за трансформација за инвестиции, тогаш веднаш следува констатациата, нема доволно инвестиции. Критики колку ти душа сака. Ако е кредитно задолжение, инвестиција влегува во оваа држава, тогаш повторно критики. Се прашувам кој е концептот на опозицијата, односно за инвестициите во оваа држава. Се работи за една инвестиција од 90-тина милиони марки. Таква инвестиција оваа држава градела и РЕК Осломеј од Кичево, од каде што доаѓам јас, со такви инвестиции е граден и РЕК Битола, со такви инвестиции е граден и Маврово, со такви инвестици пред еден месец донесовма одлука за реконструкција, значи, се работи за витални инвестиции за една држава.

Македонија со 2 милиони жители со вакво стопанство и сега и во иднина, никогаш не ќе има доволно акумулација и средства за да изгради самостоен таков објект. Значи, нема држава во Светот едноставно која не користи средства, поготово

под вакви услови, за да добие енергија, се работи не со електроинжињер, но од она што сум го сретнал и што сум го прочитал знам дека најефтина е кв.час енергијата што се добива хидро.

Овде беше многу добро кажано дека од тоа што ќе се произведе дали нашите деца ги плаќаат тие инвестиции, беше поставено такво прашање, или болките ќе ги осетат нашите деца. Па, г-дине, ако ние се извинувам што директно ви се обратив, ако ние ја немавме РЕК Битола, ако ја немавме Осломеј, ако ги немавме овие хидроелектрани, тогаш ќе намавме енергија. Ако немаме енергија, немаме стопанство и тогаш немаме живот. И ние, дел и јас како дете на оваа држава плаќам дел од нашите кредити, тоа не ми е ни грев што го плаќам, едноставно ние водиме сметка нешто да се создаде капитално.

Јас сум убеден контра вашите тези дека тие деца после 10 или 15 години ќе кажат благодарност дека, оваа нивестиција е направена и ќе носи резултати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин. Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и пратеници, сметав дека навистина ќе нема дискусија за зелениот кредит, бидејки многупати од оваа говорница се зборуваше дека нема влегување на странски капитал во Македонија, никој не сака да вложува, да гради. Сега кога имаме еден кредит со едни вакви услови, ние пак наоѓане маана и на тој кредит, кредит со еден огромен грејс период, сигурно од други побуди, сепак наоѓаме забелешка да кажеме дека и тој кредит не е добар, а не би сакал да ви кажувам сите можности што преку овој кредит се обезбедуваат, пред се, за работа на Македонското градежништво. Да ги кажам само работите, односно работните организации кои ќе бидат ангажирани и вработените во тие, Маврово, Козјак, Гранит, Пелагонија, бидејќи за изградба на градежните работи само ќе се потрошат 54 милиони долари, пари кои ќе ги заработат нашите работници. Да не искажувам сето она што е условено, во кредитот дека некаде околу 13,5 милиони долари ќе се.однесат во Кина и тоа преку тутун, вино, трансформатори, кабли, цевки, ориз, хемиски продукти и алати и машини.

Досега во овие 4 години во овој дом не видовме еден ваков кредит. Не видовме една ваква поволност на РМ. Меѓутоа, тоа не сакам да го коментирам, стана збор дали ќе можеме кредитот да го враќаме или не можеме да го враќаме. Да кажам, бидејки сум од куќата од Електростопанство, дека оваа Хидроелектрана ќе почне да работи 28 месеци порано пред истекот на грејс периодот. Секоја година обезбедува приход од сопствено производство од 10 милиони долари, ануитет годишен кој треба да се врати е 13 милиони долари. Значи, 3 милиони долари треба Електростопанство да ги покрива. Ако кажам дека во 1998 година за инвестициона активност Електростопанство располага со 62 милиони долари, бидете сигурни дека 3 милиони долари во секое време од 68 милиони, можат да се изделат и да се врати овој кредит. Тоа е по прашање на кредиот.

По прашање на она што мора да се знае, мора да знаете дека Хидроелектрананата Козјак е специфична со висока електрична моќност, со едно производство само од 150 милиони кв.саати енергија. Ова намерно го искажувам затоа што оваа Електрана овозможува ротациона резерва и општа сигурност и стабилнсот на системот. Всушност, ја врши секундарананата регулација на фреквенцијата на електирчната моќ. Земји кои немаат вакви електрични централи, а ние порано бевме во системот, во кој постоеа вакви електрични хидроелектрични објекти, Бајна Башта, не можат да отстанат и да бидат врзани со сите други Европски системи, доколку немаат за вакква сигурност. Тие се должни или да изградат свои, ако не изградат свои вакви хидроелектрани, мораат да обезбедат од надвор. Значи, сакале или не сакале мораме да вршиме, секоја година вршиме закупување на постојна ротациона резерва, што морам да ви кажам не чини прилично скапо.

Второ, таа ротациона резерва ја добиваме од системи кога ја има, а нам ни треба секогаш и не знаеме во која доба во годината ќе ни биде потребна. Кога нам најмногу ни требам, морам да ви кажам, дека исто така другите ни ја наплаѓаат многу скапо и не

чини многу скапо. Објектот е предизвикан, условен, да мора да се гради да го имаме. Имаме извонредни кредитни услови, имаме извонреден грајс период и имаме самиот да обезбедува 10 милиони долари за враќане на земениот кредит. Трите милиони кои треба Електростпанство да ги даде, ви кажувам дека ние годишно повеќе за обезбедување на оваа ротациона резерва, даваме сега од Електростопанство. И, тука значи пак правиме заштеда, за да можеме како систем да опстанеме.

Мислам дека не треба да биде ништо спорно, само мислам дека треба да поздра.виме што повеке ангажирање на наши стопански субјекти во обезбедување на вакви поволни кредити, кои ќе имаат и тоа како добри последици по работа на Електроенергетскиот систем, а со тоа и по работа на целото стопанство на Македонија како и во обезбедување на сигурност со снабдување со електрична енергија на потрошувачите од било која група. А, сигурно дека не сакам да ги искажувам другите погодности што ги има оваа Хидроелектрана Козјак, која морам да кажам се гради со една огромна височина од 120 метри. Таа е една од главните заштитници на Градот Скопје. Таа е една од главните за наводнување на некаде 20 илјади хектари. Да не кажувам дека е главна во иднина за производство на патолошка вода за Градот Скопје, а тоа значи за Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Прво, сакам да кажам дека малку не се разбираме.

Јас кога зборував за воаа инвестиција, зборував, а тоа е одговор на првиот дискутант, на г-динот Ване, во смисла на приоритетите кои оваа држава ги има. Нас ни треба да инвестираме во стопанството, енергија сега засега имаме доволно. Значи, се работи за приоритети.

А, што се однесува до коментарите што ги даде мојот колега, мсилам дека треба да се каже следното. Во бившиот систем во Југославија кога сакаше да се каже дека многу извезуваме, се кажуваше во динари, а кога се увезуваше нешто, се кажуваше во долари. Со тоа сакаше да се каже дека многу малку увезуваме, а многу извезуваме. Мојата теза дека овој објект е повеќе наменски ја потврди и сега кога кажа дека тој обезбедува како објект и вода за Скопје, заштита за Скопје итн. Само едната страна е производство на електрична енергина на Козјак и таа не е таа што обезбедува што преку производство на електрична енергија обезбеди се ова за што зборуваме.

Ако сака на тој начин да си ја гради позицијата во Електростопанство, тогаш се е во ред. Меѓутоа, ако зборуваме за некои, навистина, аргументи кои се и држат за оваа инвестиција, тогаш е нешто друго.

**ЏЕЛАЦИН МУРАТИ:**

Г-динот Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Кога сме кај приоритетите, би кажал сосема кратко.

Јас приоритет би им дал на електроенергијата, зашто нема стопанство ако немаме енергија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Со ова ќе завршам, јас знам дека имаме некои централи кои воопшто не работат и кои се чуваат во резерва. Не знам, дали тоа вие го знаете.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Знам за резервата, а и добро е да имаме резерви било какви, дали е електро енергија, дали парични резерви, стокови резерви и тоа е добро.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Никола Р. Поповски.

**НИКОЛА Р. П0П0ВСКИ:**

Почитуван г-дине поптретседателе, господа министри, почитувани пратеници, во текот на изградбата на инвестиционо - техничката документација за ХЕЦ Козјак бев

на чело на стручниот тим што го водеше проектот. Поради тоа, ќе ве запознам подетално за овој капитален многу значаен објект, за Градот Скопје и Македонија.

Хидро систем - Скопско Поле, Реката Треска со својот енергетски потенцијал и со своето водостоапнско значење, има голема улога за стопанскиот развој на Скопје и Македонија. После поплавата во Скопје 1962 година, главна цел при студирање на Реката Треска, беше изнаоѓање на решение за заштита на Градот од поплава. При студирање се бараше и оптимализација на решението во смисла на целосно искористување на водите на Реката Треска. Согласно Програамта на ОН за равзој, работите околу подготвување на техничката документација за комплексно искористување на водите на Реката Треска беа доверени на Норвешката фирма Норкосал од Осло. Техничката документација обработена на студиско ниво, фирмата ја заврши во 1970 година.

Хидромелиоративниот систем Скопско Поле е повекенаменски водостопански проект, кој треба да обезбеди заштита од поплави креку задржување на поплавниот талас на Реката Треска со акумулација од 250 милиони м3 корисен простор и 100 милиони м3 простор за актензија. Регулирање на водениот режим на Реката Треска, Река Вардар и на сите акумулации на овој рекин извор на одбраната. Обезбедување вода за наводнување на земјоделски култура, техничко - технолошка вода за индустријата и комуналнтие потреби на Градот, 5м3 во секунда, со што ќе се ослободат 2м во секунта вода за пиење од Изворот Рашче, кој го користи Железарница. Изградба на хидроцентарли од технички аспект, Хидросистем Скопско Поле е составен од подсистем Треска, со хидроцентралите Козјак и Матка-2 и потсистем Кадина Река, со Браната Палиград и Хидроцентаралата Дешница.

Поради ваквото повеќе наменско значење на Браната Хидроелектраната Козјак, предвиден е како приоритетен објект во рамките на Хидросистемот Скопско Поле. Истражните работи за ХЕЦ Козјак се одвиваат во пет фази и тоа 1965 - 1967, 1967 - 1969, 1977 - 1979 и дополнителни истражувања во 1985 - 1986. Горните активности ги водела Дирекцијата за регулација на Река Вардар.

На 1.04.1984 година се извршени спојувања на Дирекцијата за регулација на Река Вардар кон Електростопанство погон Електро - Скопје и сите надлежности околу реализација на ХЕЦ Козјак ги презема Електростопанство на Македонија.

Со изградбата на браната ХЕЦ Козјак предвидени се два корисни ефекта. Прво, производство на електрична енергија од околу 150 милиони КВЧ годишно, што носи 58,8% од користите и користи од смалување на штетите од поплави што носи 41,2%. Скопје и скопското подрачје и низводно од ова подрачје за последните 100 години биле поплавувани во просек до 1979 година секоја 14-та година.

Во поплавите од 1962 година најголема штета имаше градското подрачје, а беа поплавени 7.354 ха од кои 6000 ха обработлива површина и 150 ха во градското подрачје, при што беа оштетени станбени згради, културни институции, работни простории и индустриски објекти. Поплавата во 1979 година не го зафати централното градско подрачје, а зафати делови од индустриската зона, скоро сите обработливи површини од Скопје, го парализира патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај. Регулираното корито на Река Вардар во многу допринесе да биде заштитено централното градско подрачје, но тука секако влијаеле и други фактори. Во прв ред што водите од трите реки, Треска, Вардар и Лепенец не надојдоа во ист момент. Штетите од поплавата во 1979 година во градското подрачје ќе беа многу поголеми, доколку водите на реките Треска, Вардар и Лепенец надојдоа во исто време како и во 1962 година.

Регулираното корито на Река Вардар е димензионирано и изградено да може да прими само 1150 м во секунда, заради тоа што се претпоставувало дека паралелно со регулацијата на Река Вардар ќе се изгради и браната "Козјак". Во сегашни услови кога браната "Козјак" не е изградена појави на поплави со димензии од 1962 година би предизвикало разлевање на водата. вон регулираното корито на Река Вардар од 16 0м во секунда. Тоа би значело уште поголеми штети од оние во 1962 година, бидејќи градот Скопје за неколку пати се зголеми и се прошири на десната страна, која е изложена на поплавување и од помали води.

Водостопанската основа на скопското подрачје, а посебно идејниот проект за хидросистемот "Скопско Поле" од 1983 година, ја потврдија потребата од изградба на браната "Козјак". Ефектите од заштита на водите на Река Вардар од загадување со изградбата на

браната "Козјак" не се прикажани, бидејќи тие ефекти се индиректни и неможат да се пресметаат.

Меѓутоа огромната количина на вода од Река Треска од околу 840 милиони метри кубни вода, која ќе биде пререгулирана и дава можност во летниот период, односно во нискиот водостој на Река Вардар, а според динамиката на искористување на водите од акумулацијата "Козјак", водостојот на Река Вардар да се зголеми и до два пати. Ваквото зголемување на водостојот ќе овозможи да се ублажат последиците од загадувањето на Реката Вардар, а со тоа и од загадувањето на подземјето по течениeто на Река Вардар.

Во исто време акумулираната вода овозможува производство на електрична енергија за потребите на електроенергетскиот систем на Македонија, односно во случај на негов распад, може да работи и како градска хидроелектрична централа, која ќе ги напојува највиталните објекти во градот, до воспоставување на системот.

ХЕЦ "Козјак" ќе има големо позитивно влијание на идните низводни хидроцентрали "Матка II", "Велес", "Градец" и други.

Финансиска конструкција, Владата на Република Македонија и Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија, покажа решителност после 28 години од изградбата на последната хидроцентрала "Шпиље", да отпочне со градба на ХЕЦ "Козјак". Во текот на изградбата на главните проекти, правени се неколку инвестициони програми за финансирање и тоа по пат на здружување на средства Електростопанство на Скопје и Македонија, здружување на средства во висина од 1,5% од доходот на организациите од подрачјето на град Скопје и друго. Но, се немаше смелост да се отпочне со градба, а со тоа да се ангажира нашата градежна оператива. Средствата од заемот во висина од 86,2 милиони американски долари доаѓа во право време и со средствата од Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија во целост се затвора финансиската конструкција на целиот проект.

Давам целосна поддршка на законот.

**СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги. Кратко ќе дискутирам, имено треба да се знае дека после 28 години се гради еден објект ХЕЦ "Козјак", после 28 години по завршување на последната електрана. Чудна работа се дискутира дека кредитот е неповолен, односно ќе има задолжување на државата Македонија. Јасно е дека ќе има задолжување, но треба да се сфати дека овој кредит е така добро добиен од банката на Кина, така што со добиениот кредит со кој целосно се покриваат трошоците на проектот "Козјак", дури и авансот кој го дава Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија се користи за плаќање на осигурителната премија за експортниот кредит.

Уште една подобност која ја напомена колегата Благоја Стојковски, со овој кредит и со потпишување на договорот за изградба на ХЕЦ "Козјак", Кинеската компанија ќе увезе стоки од Република Македонија во вредност од 13,5 милиони долари. Со тоа нашите производи ќе се најдат на кинескиот пазар. Беше спомнато дека ќе се зголеми цената на електрична енергија, иако беше кажано дека ХЕЦ "Козјак" учествува само со 2,3% од вкупното производство на електричната енергија во електросистемот на Република Македонија, што значи дека многу минимално, скоро занемарливо влијание ќе има во цената на чинење на електричната енергија.

На тој начин не треба да се пласираат такви информации дека ќе се зголеми цената на електричната енергија, туку напротив многу малку ќе има влијание скоро ќе нема влијание во цената на чинење на електричната енергија Не треба овде да се заборави дека на овој начин се обезбедува работа на градежна оператива во вредност од 54 милиони долари, што значи нашите три градежни претпријатија Гранит, Маврово, Пелагонија и можеби уште едно најмалку две години ќе работат на овој објект. А треба да се знае дека со нивна работа се врши ангажирање и на други стопански субјекти во Република Македонија.

Сигурно дека многу важна работа, е и дека на овој начин се отпочнува со регулација на сливот на Реката Вардар. Ова треба да даде можност за нови инвестирања за Матка II и за други да кажам слични вакви објекти.

Мислам дека несомнено овој закон треба да се поддржи.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Влада, драги колеги, излегов да кажам збор, два околу овој Закон за задолжување на Република Македонија од кинеската фирма. Денеска расправаме за еден јас би рекол најповолен кредит досега што оваа наша држава го има добиено за овие седум, осум години самостојно живеење и градење. Овде во

оваа сала опозицијата опонираше и го критикуваше и кредитот кој беше подигнат 1992, или 1993 година за контрола на летови. И тој кредит беше остро и жестоко напаѓан во оваа сала, тој кредит нашата држава не го осети, од тој кредит нашата држава доста профитираше и профитира, редовно се враќа.

Овде во оваа сала опозицијата опонираше и за други задолжувања на нашата држава, па досега сеуште не се осети некоја голема турболенција во државата да имаме големи инфлации и државата да штампа пари и да враќа кредит. Тоа досега не се случи и најверојатно нема да се случи. Не би зборувал за поволноста на овој кредит. Јас би рекол само за едната поволност, затоа што колегите кажаа што се нуди овој кредит.

Според мене најголемата работа што ја нуди, ние имаме 13 милиони долари македонски производ кој што ќе извезе на кинескиот пазар. Тоа е многу малку, за почеток е доволно нашиот производ и нашата држава да се претстави на кинескиот пазар, кој што е доста голем, не треба да се зборува што значи кинески пазар.

Јас ќе кажам уште неколку збора само за поддршка на оваа Влада, која што храбро влезе 1993 година, колегите рекоа после 28 години да инвестира во еден голем, скап градежен објект, време кога нашата градежна оператива, четирите градежни фирми кои што се големи системи градени за потребите на еден широк простор на просторот на бивша Југославија.

Со осамостојувањето на Република Македонија градежната оператива беше осудена на пропаст. Ако не беше инвестицијата во браната "Козјак", ако не беше инвестицијата што се вика пругата Бељаковце - Деве Баир, ако не беа кредитите добиени за изградба на автопатот, јас незнам дали би можела оваа држава да го зачува системот на градежната оператива. А што ќе добиевме ако го упропастевме тој систем, голем систем на градежната оператива? Кога ќе стане еден ден оваа одржава богата, ние ќе го немаме она основното, ќе мора да бараме некоја турска градежна оператива, некоја бугарска, или некоја чешка, или словеначка градежна оператива да ја изгради Македонија.

Уште два три збора би рекол, колегата Станковски рече дека на оваа джрава и требаат кредити за инвестирање во стопанството. Да, јас се сложувам, меѓутоа и овој кредит е во стопанството. Господине Станковски, кога се гради куќа на гола ледина, прво се решава инфраструктурата, што значи се прави пристапен пат, се доведува вода, се доведува струја и другите пропратни објекти кои што треба, кои што се неопходно потребни за да се почне со градба. На нашето стопанство, на македонското стопанство му е потребна инфраструктурата. И кредитот во телекомуникации и кредитот во контрола на летови и овој кредит за изградба на хидроелектраната и кредитот за изградба на пругата и кредитот за изградба на автопатот се кредити кои што создаваат добар предуслов за развој на едно добро и здраво стопанство. Параметрите ги кажаа колегите, дека овој кредит Електростопанство ќе го врати, оваа држава нема да го осети, така што јас со чиста совест без многу да размислувам дека еден ден моите наследници ќе страдаат што јас сега ќе гласам за овој кредит, ќе гласам и ќе ја поддржам и Владата и Електростопанство и камо среќа вакви кредитни линии да ратифицираме овде во овој собраниски дом.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги, мислам дека дискусиите одат во една крајност, ако може на една екипа таму карти да им се дадат, шпил карти мислам таму горе може да се даде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, пратениците да си седнат на своите места. Продолжете господине.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ние за овој закон треба да продискутираме и мислам дека не треба да има воопшто замерки во она што значи размислувања од ефектите од овој закон, од овој кредит. Мислам дека депласирано е ние сега да дискутираме дали Козјак треба да се гради или не.

Меѓутоа, овие предизборни маркетиншки овде слогани денеска мораме малку да ги приземјиме за да кажеме дека Козјак не почна сега со овој кредит, Козјак е почнат дами и господа точно пред четири години во тоа предизборие. Да бидеме малку разумни, немојте, барем ние памети ме доста. Понатаму сите ги знаеме карактеристиките на овој гигант, знаеме дека е најтежок предизвик за нашата оператива.

Меѓутоа, дами и господа немојте да мешаме кредити и заеми и капитал! Капитал во Македонија влезен е 6 милиони долари, тоа е капитал. Кредити и заеми се сосема друго.

Трета работа зошто ние овде преферираме дека овој заем е толку поволен со камати од 7,5%. На светскиот пазар има пари колку што сакате за камати со 4 до 5%. Следна работа ако Електростопанство е во таква моќ, во таква потенција, во таква можност, зошто ние потпишуваме овде закон за позајмување како држава, како Парламент. Зошто? Електростопанство ќе се задолжи и ќе си исполнува обврски. И зошто сега пласираме дека тоа е толку поволно, толку е тоа добро, дајте, малтене ние ќе излеземе тука дека сме против развојот на оваа држава. Немојте така. На оваа тема ние разговаравме пред два, три месеци, убаво стоеше во тие ваши, сега ќе речам од Електростопанство анализи дека се предвидува покачување на цената на електричната енергија. Што е за мене поважно, извинете како претставник на граѓаните, документ од Електростопанство дојден до мене како пратеник, или ваши ветувања како пратеници. Поважно е за мене тоа што ние го добивме овде како пишан материјал. Стои точно 5% зголемување. Инаку ние сега да се враќа назад кои се можностите на тој систем, што значи тој, јас ќе го додадам и ова, ние бевме како една комисија на Козјак.

Извинете, финансиска конструкција да затвараме четири години по почеток на изградбата на објектот, ние тек сега затвараме финансиска конструкција и да не продискутираме за тоа и тоа да биде демек нешто прекрасно што сме го направиле. Немојте. Точно пример како не треба тие грандиозни објекти да се работат. Ние немаме довршени објекти, вие убаво знаете, ти знаеш поубаво од мене, воопшто нема решено проекти ниту за водозаштита, ниту друго, она што значи целосна заштита после браната, се уште нема проект за машинската сала, извинете. И сега ние овде пласираме дека се е ова толку убаво и прекрасно. Немојте, дозволете да продискутираме. Кредитот е земен, сигурно дека има свои предности и извоз на стоки и се, меѓутоа сватете дека многу се кршеа копја тука во прашање на изборот на технологија, на турбини, на машинска опрема.

Кредитот е земен, сигурно има свои предности и извоз на стоки, и се, меѓутоа сфатете дека многу се ломеа компјата по прашањето на изборот на технологија, на турбини, на машинска опрема, кој производител, кој лиферант, односите со неколку конкурентски фирми, цените - крајни ние не видовме. Дури сега ние носиме закон за јавни набавки. Ние не добивме комплетна анализа на понудата. Прашањето на водите на Вардар, нерегулирање со соседна Грција, тоа не е едноставно прашање. Доаѓаат прашања, меѓутоа мора да се приземјат некои господа во оваа држава, за нив да не бидат важни ни 5 милиони долари ако треба да се платат оштети или судски трошоци. Ние мора да ги платиме сите, дали ние и нашите деца.

Според тоа, сфатете, дајте еднаш сериозно дека има место за дискусии, в ред е, објектот ќе се гради, ќе се прави, мислам дека неможе да се оди така со една еуфорија. Сигурно дека никој разумен нема да рече објектот да остане во таа фаза во која е. Бевме, видовме, ќе биде тој грандиозен објект, ќе биде прекрасен објект, ако биде се направено како треба. Немојте, објектот далеку е до тоа дека брзо ќе биде пуштен во функција и немојте сега - демек, пласираме теза уште парите не се стигнати, уште заемот не е потпишан, ние веќе за две години ќе имаме струја. Тоа не се 2 години, господо. Тоа се 8 години. Објектот се гради, започнал.

Се спомена пругата. Пругата немјте да ја споменувате, денес сте ја спомнале, ве молам, немојте понатаму да ја спомнувате, бидејќи не се работи на пругата. Треба да се конзервира, има проблеми и да не зборуваме за Автопатот преку Бабуна и други. Немојте така. Сега овде наметнуваме тези дека не ни треба Автопат. Се ни треба. Меѓутоа, си има мерки, ќе си оди, немојте со една еуфорија ние да се потпишуваме. Некогаш,.. записниците од овие седници ќе се извадат.Ние сме тие што сме гласале тука. Некој нас ќе не повика на одговорност, да не даде Господ. Не заради материјална одговорност, заради моралната, политичката, ако сакате и она што значи особина на вистина на проектот. Немојте сега, вие нам ни пласирате дека вие ги знаете параметрите, овие другите луѓе не се стручни. Немојте така.

Мислам дека е право на секој пратеник да изнесе свои ставови и мислење, мнозинството ќе гласа, беше делегација, готово, потпишан е договорот, ние треба да го ратификуваме. Ние сме пред свршен чин, да се разбереме. Ние дискутиравме оправдано пред 2 месеци, пред да се оди на конечни преговори и договори. Отидоа неколку делегации. Ние ќе бидеме разумни дека и овој заем ќе помине, но не со вакви констатации и со вакво еуфорично расположение дека е постигнат максимум и дека повеќе од тоа ниту можело, ниту може да биде. Има средства, има можности, ќе има и нови објекти и нови кредити.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?  (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.
Дали можеме да гласаме по законот?
(По пребројувањето на бројот на пратениците што се присутни во салата).
Нема смисла, заради овие што се тука присутни да чекаме повеќе.
Продолжуваме во вториник, на 9 јуни во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот).